Macedonian

Australian Government

NATIONAL BOWEL CANCER SCREENING PROGRAM

# Информативна брошура за колоноскопијата

www.cancerscreening.gov.au

## Колку е точна колоноскопијата?

Колоноскопијата е многу точна и е најдобриот начин да се утврди зошто сте имале позитивен резултат на тестот. Сè уште постои мала шанса нешто да не биде видено за време на вашата постапка. Дури и ако не биде најден рак или полипи, треба да продолжите со контроли, а најдобар начин за тоа се бесплатните комплети за тестирање на Националната програма за контрола на рак на цревата (National Bowel Cancer Screening Program).

## Има ли ризици или несакани последици?

Може да има некои несакани последици (side effects), но тие не се чести. Прочистувањето на цревата (bowel preparation) може да предизвика главоболка или повраќање, или може да имате крвавење после колоноскопијата. Може да имате реакција на средството за смирување (sedation), но тоа ретко се случува. Многу ретко некои луѓе ќе треба да се вратат во болница.

За овие ризици треба да разговарате со вашиот доктор пред да имате колоноскопија.

## Што може да избирам?

Вие може да избирате дали колоноскопија ќе имате во јавна (државна) или во приватна болница или клиника. Ако ја имате во јавна установа, таа ќе биде бесплатна. Ако ја имате во приватна институција, може да треба да платите, зависно од вашето приватно здравствено осигурување. Исто така може да треба да платите за средството за прочистување на цревата.

## Кому да се јавам ако имам прашања?

Ве молиме имајте предвид дека оваа брошура е само упатство и дека вашиот доктор треба да ви даде повеќе информации.

Ако имате прашања, ве молиме разговарајте со вашиот доктор пред колоноскопијата.

Повеќе информации за програмата може да се најдат на **www.cancerscreening.gov.au/bowel**

Interpreter

**За информации на вашиот јазик,** телефонирајте на Службата за писмено и усно преведување на 13 14 50 или видете на www.cancerscreening.gov.au/translation

**При вашиот неодамнешен тест за преглед на цревата е најдена крв во изметот. Може да има низа причини зошто е најдена крв и повеќето од нив немаат врска со рак (помалку од 5%), но важно е да се најде причината. Ве молиме закажете преглед кај вашиот доктор заради разговор за резултатите на вашиот тест. Вашиот доктор може да препорача втор тест, најчесто колоноскопија.**

## Што е колоноскопија?

- Колоноскопија е постапка со која колоноскоп - една тенка сонда со „видео камера“ на врвот, се протнува низ вашиот чмар за да ви се прегледаат цревата.
- Тоа е најдобриот начин да се утврди причината за крвавењето и да се отстранат полипи.
- Полипите се мали израстоци во ѕидот на цревата. Тие често се јавуваат кај возрасните и обично не се опасни, но некои може да се развијат во рак.
- Отстранувањето на полипи може да помогне да се спречи појавата на рак. Ако за време на колоноскопијата докторот открие полипи, најчесто ги отстранува.
- Исто така, докторот може да земе мали примероци од цревата, што потоа се прегледуваат под микроскоп за да се провери дали има знакови на заболување.
- Вие нема ништо да почувствувате ако се отстрани некој полип или земе примерок.

## Како да се подготвам за колоноскопија?

Ако имате некој здравствен проблем или редовно земате некој лек, разговарајте со вашиот доктор пред да почнете со прочистувањето на цревата. Докторот може да ви рече да прекинете со земањето на некои лекови неколку дена пред колоноскопијата.

Прочистувањето на цревата опфаќа:

1. Исхрана – вашиот доктор ќе ви каже што може или што не треба да јадете во деновите пред колоноскопијата.
2. Лекови – ќе ви биде даден комплет за прочистување на цревата, со упатства како да го користите. Исто така ќе ви биде даден еден лек што ќе ве тера во тоалет заради празнење на цревата.
3. Течности – вашиот доктор ќе ви даде упатства како да пиете доволно течности.

## Како се изведува колоноскопија?

Најнапред ќе ви биде дадено лесно средство за смирување, што ќе ве направи сонливи и да се чувствувате удобно. Може дури и да заспиете. Додека лежите, докторот полека ќе ви протне низ чмарот една флексибилна сонда во цревата. На врвот на сондата е мала камера со која докторот ќе ги прегледа ѕидовите на вашите црева.

Постапката трае околу 20 до 45 минути.

## Што се случува после колоноскопијата?

По постапката ќе ви биде дадено нешто да изедете и испиете. Кога ќе се разбудите, може да чувствувате дека стомакот ви е подуен, но тоа ќе трае само околу еден саат. Многу ретко може да се случи да исфрлите малку крв, но тоа е нормално.

Обично може да си одите дома истиот ден по постапката.

Поради средството за смирување, во првите 24 часа по колоноскопијата не треба да правите ниедно од следните нешта:

- Да возите кола;
- Да патувате сами;
- Да користите машини;
- Да потпишувате правни документи; или
- Да пиете алкохол.

По колоноскопијата, некој пријател или роднина треба да ве однесе дома и ноќта да остане со вас. Утредента ќе треба да се чувствувате подобро.